ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Дата: 14.10.2016

# СООПШТЕНИЕ

## Крводарителска акција „Фондовско срце“

Дури 20 отсто од вкупно 800 вработени во Фондот за здравствено осигурување на Македонија денеска се вклучија во крводарителската акција „Фондовско срце“ која е организирана во соработка со Институтот за трансфузиона медицина.



Крводарителската акција се одвива на ниво на цела институција и вработените на Фондот денес даруваа крв во Скопје и во 30 градови во државата, каде Фондот има подрачни служби.

Директорот на ФЗОМ, д-р Сашо Стефаноски информираше дека продолжува акцијата за дарување крв во сите подрачни служби и посочи дека околу 120 вработени се пријавени да даруваат крв во текот на денешниот ден во централата на Фондот и низ Република Македонија.

Ова е трета крводарителска акција по ред која ја организира Фондот и на владино ниво ние сме институција што ги координира крводарителските акции на сите други државни институции. Суштината на нашата иснтитуција е да помагаме на сите оние кои имаат проблем, па денеска со овој личен чин сакаме тоа да го потврдиме и на дело, со дарување крв нашите вработени да спасат живот, посочи Стефаноски.

